Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 110/19), како и врз основа на член 22 и член 25 од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/18) министерот за образование донесе скратена наставна програма по наставниот предмет **Англиски јазик** за **I (прва**) година на средното четиригодишно образование (гимназиско образование, уметничко образование, спортска академија) за учебната 2020/21 година.

## 1. Вовед

Скратената наставна програма по наставниот предмет **англиски јазик** се базира на целите/очекуваните резултати предвидени со наставната програма за наставниот предмет што редовно се реализира согласно утврдениот наставен план.

Со скратената програма се утврдуваат определени теми и наставни единици што треба да се реализираат за 159 наставни денови, при што се запазува предвидениот неделен фонд на часови утврден во редовната програма, односно за наставен предмет со 3 часа неделно, се предвидуваат 96 часа во скратената програма.

Наставникот при планирањето и реализацијата на наставните единици од скратената програма се води од целите/очекуваните резултати, определените поими, методите и активностите утврдени во редовната наставна програма.

## 2. Преглед на јазични компоненти и вештини[1]

### Компонента 1. ЛЕКСИЧКИ ЕДИНИЦИ

- Хоби
- Забава
- Спорт
- Медиуми
- Однос кон животната средина
- Природни катастрофи

### Компонента 2. ГРАМАТИКА

- Член
- Определен (пред единствени предмети, институции, суперлатив, географски поими, имиња на хотели, кина, театри)
- Испуштање на член ( пред зборови што означуваат празници, имиња на лица, држави, градови, улици, оброци, изрази, делови од телото)
- именки од глаголи ( co- , dis- , inter- , mis- )
- Предлози
- предлошки фрази – место, време и движење
- Past Continuous Tense во корелација со Past Simple Tense

---

[1] Поради интегрираниот пристап при изучување по англискиот јазик , дадените јазични компоненти и вештини не можат да се издвојат,односно не е можно да се планира бројот на часови по истите .

- Модални глаголи :

**Компонента 3. ЈАЗИЧНИ ФУНКЦИИ**

- Изразување вчудовиденост, заповед, молба
- Допаѓање, недопаѓање, учтивост, молба

**Компонента 4. СЛУШАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ**

- Куси текстови и дијалози

**Компонента 5. ГОВОРЕЊЕ**

- Говорна интеракција на познати теми
- Говорна продукција (опис на луѓе, настани, места и сл.)

**Компонента 6. ЧИТАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ**

- Куси текстови (реклама, мени, возен ред, и сл.)

**Компонента 7. ПИШУВАЊЕ**

- Куси пораки
- Дескриптивен и наративен состав

**Компонента 8. КУЛТУРА**

- Дом и семејство;
- Животот на младите (слободни активности, образование и сл.);

- Исхрана;
- Учтиво обраќање;
- Културно однесување;
- Музика, филм и литература;

## 3. Дидактички препораки

Појдовна основа за реализација на скратената наставна програма по наставниот предмет англиски јазик е редовната наставна програма ( резултати од учење, содржини и поими, предложените активности и методи и стандарди за оценување).

При реализација на скратените наставни програми, целта на овие дидактички препораки е да помогнат на наставникот/наставничката да ги постигне поставените цели применувајќи во наставата најнови сознанија од подрачјето на применетата лингвистика, педагогијата и психологијата, т.е. позитивните домашни и странски искуства поврзани со наставата и учењето на англискиот јазик, но притоа да не ја ограничува неговата/нејзината креативност. Во планирањето на наставата за прва година предвид се земени содржините во наставните програми по другите предмети кои се изучуваат во прва година, односно почитуван е принципот на меѓупредметно поврзување во однос на целите и содржините со акцент на интегрираното поврзување со содржини од мајчиниот јазик.

**Поради специфичноста на скратеното времетраење на часот, се препорачува наставникот во оваа временска рамка да го организира часот со соодветен вовед, главен дел и завршеток. Овие три елементи од секој час треба да се фокусираат на главните цели на учењето, да се лесно разбирливи и сфатливи и да дадат можност за дополнително увежбување на презентираната содржина. На крај од секој час наставникот задолжително да го сумира истиот со нагласка на новата содржина и препораки за натамошно самостојно учење и увежбување.**

**Овие насоки се со цел на учениците да им се даде можност самостојно и во свое време, надвор од часовите да можат да ги увежбуваат и утврдуваат содржините кои се презентирани за време на часот.**

**Освен тоа, со скратениот наставен час, наставникот особено треба да внимава и да ја презентира содржината на начин кој ќе одговара на сите стилови на учење: аудитивен, визуелен, тактилен, кинестетички. На тој начин секој ученик презентираната содржина ќе може полесно и побрзо да ја усвои, разбере и совлада.**

Фокус на вниманието на современата настава е ученикот/ученичката и процесот на учењето. Треба да се почитуваат возраста, потребите, интересите на учениците. Наставникот не е повеќе единствен извор на знаења и информации и неговата улога не е само пренесување на знаења. Неговата улога е да ги поттикнува учениците да користат и други извори на знаења и информации и да ги учи како да учат.

При изборот на активностите треба да се води сметка за диференцијацијата и разновидноста. Треба да се одберат или адаптираат активности кои би одговарале на различните стилови на учење (визуелен, аудитивен, кинестетички); различните видови интелигенција (вербална-лингвистичка, математичко-логичка, музичко-ритмичка, визуелно просторна и други), како и на нивоата на знаењата на учениците.

Треба да се има предвид дека мотивацијата за учење ја подобруваат различни форми на работа во наставата (фронтална, индивидуална и работа во парови и групи), како и менувањето на пократки и подолги, побучни и потивки активности, периоди на сконцентрирано внимание и опуштање на учениците за време на часот.

Наставата по англиски јазик се заснова на холистичко учење кое ги опфаќа когнитивните, афективните и моторните аспекти на учениците, односно наставникот ќе ги интегрира различните компоненти со што јазикот ќе се учи на функционален начин.

Согласно горенаведеното, во наставата по странски јазик не можат да се издвојат, односно не е можно да се планира бројот на часови по одделни компоненти.

Наставата за оваа возрасна група се ориентира на когнитивното учење со зголемена експликација на јазичните структури со свесна примена на јазичните структури во контекст и постапно воведување на граматичкиот метајазик.

Во овој период се настојува воедначено да се развиваат говорната и писмената комуникација. Тоа значи дека се обрнува подеднакво внимание на сите јазични вештини: слушање и читање со разбирање, говорење како од аспект на говорната интеракција, така и од аспект на говорната продукција, како и компонентата *Пишување.*

Наставникот треба да ја поттикнува и развива автономијата на учениците преку активности и задачи кои ги оспособуваат учениците да ја преземат одговорноста за своето сопствено учење и знаењето кое го стекнуваат во формален контекст на учење (во училница) и да го користат надвор од неа. Од ова произлегува дека на часовите по

англиски јазик  се стекнуваат основни јазични и социопрагматични знаења и знаења кои се поврзани со самиот процес на учење.
Од сето наведено произлегува дека наставникот треба да ги учи учениците како полесно и побрзо да учат, како да го сочуваат наученото и како да го користат знаењето во нови ситуации, надвор од училницата, да ги запознава со целите и содржините на активностите/задачите/материјалите и стратегиите на учење кои тие ги применуваат  на повисоките нивоа на учење.
Од наставникот се очекува  да ги учи учениците да применуваат стратегии **на успешно учење.**

4. **Норматив за наставен кадар**

Скратената наставна програма ја реализира наставник согласно нормативот за наставен кадар даден во редовната наставна програма.

Скратената наставна програма по наставниот предмет **англиски јазик**  за **прва година средно четиригодишно образование** за учебната **2020/2021 година**  ја утврди,

Бр. 12-8424/163
16.09.2020

**Министер за образование и наука**
**Мила Царовска**